Дневни сценарија по музичко образование 3 одделение Септември

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Песни и броеници во опсег до1 - си1 | Демонстрира јасна дикција, точна артикулација и ритам при кажување броеници. | 1 | **Воведни активности:**<br>Учениците се запознаваат со целта. Што се бројалки? (Кратки литературни текстови со весела и ведра содржина и нагласен ритам) Кога најчесто ги користиме? Што е ритам? (Рамномерно повторување на звуци, тонови, движења и сл., во определени временски интервали ) Што е дикција? (Јасен изговор, чистота и беспрекорност во звучењето на секој глас, секој збор, секоја реченица и секоја говорна целина). Набројуваме повеќе бројалки. (5 мин.)<br>**Главна активност:**<br>Наставникот ја презентира бројалката „Едно цвеќе шарено“<br>Учениците одговараат на прашањата поврзани со содржината на бројалката (Какво е цвеќето по боја? Каде никнало?...)<br>Учениците ритмички ја кажуваат бројалката на неутрален слог, при што се внимава ритамот да е рамномерен.<br>Следи обработка на бројалката по фрази. Се обработува првата, па втората фраза, па двете заедно. По совладување на двете фрази од страна на учениците се обработува третата фраза, па трите заедно и на крај четвртата фраза.<br>Откако учениците ќе ја совладаат бројалката, се применуваат различни постапки, како на пример пеење по редици; првата и третата фраза тивко, а втората и четвртата фраза гласно и обратно; пеење во парови; индивидуално пеење; пеење со промена на темпо (бавно, | - печатени материјали (прирачници, магазини, весници);<br>- аудио- и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>- дводимензионални отпечатоци - непроектирани (слики, фотографии, постери, илустрации); | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри); практичната изведба во група |

Едно цвеќе шарено

Едно цвеќе шарено

в ливада никнало,

дали ќе го скинеш ти

размисли и кажи ми.



| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | умерено, брзо); пеење со промена на динамика (гласно, тивко) (23 мин.)<br>**Завршна активност:**<br>Учениците изработуваат цветови кои ги поставуваме на претходно подготвен хамер (ливада). (7 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што е бројалка? Што е ритам? Што е дикција?<br>Каде можеме да ги користиме бројалките? (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Музички инструменти и гласови (групи оркестарски инструменти: жичени, дувачки, удирачки; музички инструменти: хармоника, гитара; народни инструменти: тамбура/чифтелија, ќемане) | Препознава хармоника и гитара, визуелно и звучно | 1 | **Воведни активности:**<br>Учениците откриваат слики и ја запишуват првата букви од сликата која ја откриле. Целта е да се добијат поимите гитара и хармоника.<br>Пример:<br><br>Г; И: Т; А; Р; А.<br>Х; А; Р; М; О;<br>Н; И; К; А.<br>Се запознаваат со целта. (10 мин.)<br>**Главна активност:**<br>На учениците им се објаснува дека кога се слуша музика потребно е да седнат на своите места, да се смират, да ги затворат очите и да ја слушаат музиката. Им објаснуваме дека секогаш треба да ја слушнат тишината пред да ја слушаат музиката.<br>Наставникот презентира аудио записи од гитара, хармоника одделно, а потоа и заедно двата инструменти, додека учениците преку звукот на инструментот препознаваат кој е инструментот што го слушаат. Потоа се прикажуваат визуелни презентации преку фотографии, цртежи или видео снимки од изведби за учениците да се запознаат со формата и изгледот на гитарата и хармониката. | -уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД и ДВД-уред, хај-фај уред, ТВприемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна (смарт) табла);<br>-дводимензионални отпечатоци - непроектирани (слики);<br>-аудио и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина; | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Хармоника: https://www.youtube.com/shorts/TcKVO91u9DY Тома Прошев: Моето коњче<br>Гитара:<br>https://www.youtube.com/watch?v=BJKYjXe6ACE&ab_channel=aissav- Изведба на инструмент гитара, од дете-изведувач (15 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Учениците се поделени во две групи. Играат игра „Сложувалка“. Едната група работи на сложувалка „Гитара“ (https://www.jigsawplanet.com/?rc=play&pid=358da680170e&pieces=24) , другата на „Хармоника“ (https://www.jigsawplanet.com/?rc=play&pid=2207ebdb0a3a&pieces=30) .<br>По завршувањето на сложувалката секоја група презентира што добила, кој инструмент, и објаснува што научила за инструментот. (10 мин.)<br><br>**Рефлексија:**<br>Што работевме на овој час? Што научивме? Каков инструмент е гитарата? Каков инструмент е хармониката? (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Музички инструменти и гласови (групи оркестарски инструменти: жичени, дувачки, удирачки; музички инструменти: хармоника, гитара; народни инструменти: тамбура/чифтелија, ќемане) | Препознава хармоника и гитара, визуелно и звучно | 1 | **Воведни активности:**<br>Учениците добиваат работен лист “Поврзи ги броевите“. (со поврзување на броевите се добива слика на гитара и хармоника).<br>Кои инструменти ги добивме?<br>За мене гитарата/хармониката е – бура на идеи (идеите на учениците се запишуваат на табла.<br>Се запознаваат со целта. (8 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>Учениците се седнати на своите места. Учениците играат игра: „Погоди го инструментот“. Секој ученик пред себе има слика од гитара и хармоника. Учениците слушаат звуци и треба да погодат од кој инструмент се (ја подигаат сликата на инструментот чии звук го слушаат во моментот: гитара или хармоника).<br>Хармоника:<br>https://www.youtube.com/watch?v=2qDCQ3S2Ajo<br>Гитара:<br>https://www.youtube.com/watch?v=gG3bV1ZWYng<br>потоа слушаат музика заедно од двата инструменти:<br>https://www.youtube.com/watch?v=GnyAgOWhMnk<br>По слушањето се разговара за тоа кој што забележал. Се пристапува кон активно – селективно слушање со воочување на инструментите кои се застапени во изведбата на композицијата.<br>Следува слушање на музиката со затворени очи.<br>Кои чувства ги побудува музиката кај нас (20 мин.) | дводимензионални отпечатоци - непроектирани (слики);<br>-аудио и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>-работен лист<br>-прибор за цртање, боење | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |





| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност:**<br>Секој ученик изработува картичка со емоции кои ги побудило музичкото дело кај нив во текот на слушањето. (7 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што работевме на овој час? Што научивме? Каков инструмент е гитарата? Каков инструмент е хармониката? Кои чувства ги побудува музиката кај нас? Дали звуците од гитарата и хармониката се пријатни или непријатни? (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Детски ритмички и мелодиски инструменти (ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас, металофон, мелодика, блок флејта/шупелка) | Ги препознава детските ритмички и мелодиски инструменти по бојата на звукот. | 1 | **Воведни активности:**<br>Пред учениците се ставени детски ритмички и мелодиски инструменти (ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас, металофон, мелодика, блок флејта/шупелка). Слободни ги истражуваат. Ги набљудуваат, опишуваат, слушаат каков звук произведуваат. Се запознаваат со целта. (7 мин.)<br><br>**Главна активност:**<br>Учениците се поделени во групи. Пред секоја група се ставени слики од детски ритмички и мелодоски инструменти и хамер (претходно подготвен од наставникот) на кој е нацртана т- табела (ритмички/мелодиски инструменти). Учениците слушаат звуци од детски инструменти. Го препознаваат звукот од кој инструмент е, ја подигнуваат сликата, го опишуваат и класифицираат, односно ја лепат сликата од слушнатиот звук на музичкиот инструмент на соодветното место во т - табелата (ритмички/мелодиски инструменти). (20 мин.)<br><br>**Завршна активност:**<br>Мојот омилен инструмент е... Секој ученик го именува својот омилен инструмент и се формираат две групи (ритмички инструменти, мелодиски инструменти). Потоа секоја група се претставува со музичка точка по свој избор (песна/движење по звукот на инструментите) (8 мин.) | детски ритмички и мелодиски инструменти (ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас, металофон, мелодика, блок флејта/шупелка);<br>слики<br>хамер<br>лепак | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија:**<br>Кои детски музички интрументи ги научивме? Како ги делиме детските музички инструменти: кои се ритмички инструменти? Кои се мелодиски инструменти? За што можеме да ги користиме музичките инструменти? (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |


resursi.literatura.mk